Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од дневни настани 19.04.2024

На 18.04.2024 во 23.45 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Е.З.(18) од Куманово. Тој се сомнели дека околу 15.00 часот извршил кражба во деловен објект на улицата „Трета македонска ударна бригада". Е.З бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 18.04.2024 во 08.40 часот, полициски службеници од Крива Паланка го лишиле од слобода Л.М. (19) од Битола. Тој бил затекнат на улицата „Коце Металец" во Крива Паланка при обид да одземе предмети од продавен имот. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.04.2024 во 19.30 часот на место викано „Цареви кули" во Струмица, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода А.С.(34) и В.С.(35), двајцата од село Василево, струмичко. При преглед над нив, кај А.С. била пронајдена марихуана. Во службен разговор во Полициската станица Струмица А.С. признал дека во домот поседува и друга количина, која потоа доброволно ја предал на полициските службеници. За настанот бил запознаен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица и по него целосно документирање ќе биде поднесена соодветна пријава.

Одделот за криминалистичка полиција по добиена наредба од ОЈО Битола, преземе предистражни дејствија и по обезбедена документација и извршен увид во истата, до ОЈО Битола, во координација со СВР Битола, поднесе кривична пријава против М.Г. од Битола, директор на ЈП "Стрежево" Битола, за кривично дело "злоупотреба на службена положба и овластување" по чл.353 од КЗ и "злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно приватно партнерство" од чл.275-в од КЗ во врска со чл. 22 и против Љ.М.П. од Битола, управител на правно лице од Битола. Имено, М.Г. знаејќи дека правното лице во текот на 2018 имало набавено тапкач за снег - ратрак, спровел постапка за јавна набавка на ратрак за потребите на ЈП "Стрежево" Битола со точно одредени технички карактеристики на потребниот ратрак како тој што го поседувало правното лице од Битола и истиот да не е постар од 1995 година, на кој оглас како најповолен економски оператор понудувач бил избрано предметното правно лице од Битола, додека Љ.М.П. на конкретниот оглас доставила понуда со невистинити податоци дека ратракот кој го нуди е произведен во 1995 година, иако знаела и била свесна дека ратракот кој го поседувала е произведен 1993 година, по што бил склучен договор со наведеното правно лице на износ од 1.875.967 денари без ДДВ иако ратракот бил купен од странство за 414.492 денари, односно истиот бил набавен од ЈП "Стрежево" Битола за 4,5 пати повисока цена од набавната и за износот од 1.875.967 денари М.Г. го оштетил јавното претпријатие, а Љ.М.П. се стекнала со противправна имотна корист.

На 18.04.2024 во 14.10 часот на подрачјето на Гази Баба во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.А.(18) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.04.2024 во 00.05 часот во село Криволак, неготинско, полициски службеници од ОВР Неготино го привеле Ф.М.(20) од истото село, кој бил баран по потерница врз основа на наредба да Казнето - поправната установа Затвор Гевгелија поради бегство од затворот. Лицето било спроведено во установата за доиздржување на казната.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (18.04.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 153 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 28 санкции, 13 мерки за возење без возачка дозвола, 13 санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл, девет мерки за користење мобилен телефон при возење...

Во текот на вчерашниот ден (18.04.2024) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 133 возачи. Од нив две возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 64 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 69 надвор од населено место.

Во текот на вчерашниот ден (18.04.2024) во периодот од 11.00 до 16.00 часот спроведена е акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, при што санкционирани се 55 возачи. Од нив, 32 возачи не користеле заштитна кацига за време на возење, 17 возеле без возачка дозвола... За време на контролата санкционирани се и 157 други видови на сообраќајни прекршоци.

На 18.04.2024 во 13.00 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека на ул.„Стамен Манов " во Кочани, В.Ц.(51) од Кочани, управувајќи мопед со кочански регистарски ознаки, излетал од коловозот. Во несреќата со тешки повреди се здобил возачот, констатирани во Општа болница Кочани. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Кочани.

На 18.04.2024 во 14.15 часот во Полициската станица Карпош, Т.А.(78) од Скопје пријавила дека на ул.„Петар Чаулев" во Скопје била касната од куче скитник.

На 18.04.2024 во 21.15 часот во Полициската станица Аеродром, Т.Т.(18) од Скопје пријавила дека на ул.„Владимир Комаров" во Скопје била касната од куче скитник.

На 18.04.2024 во Скопје, полициски службеници од Одделението за криминалистички работи при ЕВР Кисела Вода ги лишиле од слобода В.З.(23) и В.Т.(36), двајцата од Скопје. Тие се сомничат дека на 01.04.2024 во маркет на подрачје на општина Кисела Вода во Скопје извршиле „тешка кражба", при што одзеле сеф. Со судска наредба, биле извршени претреси во домовите на двете лица, при што биле пронајдени и одземени предмети за кои постои сомнение дека се поврзани со кривичното дело. СВР Скопје – ЕВР Кисела Вода до Основното јавно обвинителство Скопје поднесе кривична пријава против лицата за сторено кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик, а судија на претходна постапка на едното лице му определи мерка притвор.

Денеска (19.04.2024) во 01.30 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода ги привеле Б.М.(47) и С.М.(35), двајцата од Скопје. Б.М. се сомничи дека физички ја нападнал соседката М.П.Б.(35) од Скопје, а потоа неговата сопруга С.М. агресивно се однесувала кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 18.04.2024 во 22.00 часот во СВР Скопје, Д.В.(48) од Скопје пријавил дека околу 21.30 часот во Градски трговски центар во Скопје неговиот малолетен син бил физички нападнат од неколку малолетници, од кои едниот од нив имал остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.04.2024 во 20.40 часот во СВР Скопје, Д.С.(24) од Скопје пријавил дека на 17.04.2024 околу 12.45 часот на подрачјето на Бит Пазар, по претходна расправија, бил физички нападнат од С.Р.(42), кој употребил и остар предмет и му нанел повреда. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 18.04.2024 во 21.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 20.30 часот на подрачјето на Бит Пазар Ц.Р.(27) бил физички нападнат од И.Р.(45), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 18.04.2024 во 14.00 часот во СВР Скопје, Д.С.(38) од Скопје пријавил дека околу 09.00 часот во основно училиште на подрачјето на Горче Петров, неговата малолетна ќерка била физички нападната од нејзин соученик. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.04.2024 во СВР Битола, Х.Т.(28) од Битола пријавила дека во средно училиште во Битола била физички нападната од нејзината колешка Ј.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 18.04.2024 во 13.20 часот во Полициската станица Горче Петров, С.Д.(60) од Скопје пријавил дека од домот се оддалечил неговиот татко Б.Д.(86) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 18.04.2024 во 19.00 часот во Полициското Одделение-Галате, О.М.(74) од гостиварско Врапчиште, пријавил дека во селото бил каснат куче скитник.

На 18.04.2024 во СВР Битола, В.Ч.(46) од Битола пријавил дека кај Саат кулата во Битола бил каснат од куче скитник.

На 18.04.2024 во СВР Битола, Е.Б.(25) од Битола пријавила дека во двор на основно училиште во Битола била касната од куче скитник.

На 18.04.2024 во 15.30 часот, Ф.К.(32) од Охрид во полициска станица пријавил дека на булеварот „Македонски просветители" во Охрид бил каснат од куче скитник.

СВР Битола поднесе кривична пријава против К.Б.(30), А.Б.(29) и Н.Б.(42), сите од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка кражба". На 01.04.2024 во битолско село, прво и второпријавениот извршиле „тешка кражба" во куќа сопственост на Љ.Ц. (74) од Битола, при што одзеле пари во различни валути и накит. Третопријавениот го надгледувал движењето на сопственикот на куќата.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Н.Ш.(27) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 13.12.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против И.С.(40) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 02.05.2023, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле хероин и дигитална вага.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Д.В.(50) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 17.11.2023, полициски службеници од пријавениот одзеле два пиштоли „Застава М57".

СВР Битола поднесе кривична пријава против Ќ.Ш.(43) и А.Р.(46), двајцата од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или каранаца". На 19.02.2024 во Прилеп, по претходна расправија, пријавените со остар предмет му се закаканувале на К.И.(33) од Прилеп.

Одделението за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија Гевгелија поднесе кривична пријава против Б.М.(32)од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 10.02.2024 по близина на Граничен премин Богородица, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило управувано од пријавениот, при што констатирале дека регистарските таблички му припаѓале на друго возило.